Дневни сценарија по ликовно образование 3 одделение Септември

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Подлоги, средства, техники и материјали за цртање: (туш, перце, дрвце, четка, монохромно, сенчење) | Разликува цртежи според подлогите, средствата и материјалите кои ги употребува. | 1 | **Воведни активности:**<br>Преку визуелна презентација на учениците им се прикажуваат слики нацртани на различни подлоги со различни материјали за цртање. Преку прашања поставени од страна на наставникот откриваат кои цртежи на кои подлоги се нацртани и кои средства и материјали се користени. Учениците се запознаваат со целта. (7 минути)<br>**Главна активност:**<br>Се потсетуваме што е линија? (Основен елемент од ликовниот јазик со кој се изразува уметникот, но и елемент присутен насекаде околу нас, во се она што не опкружува, предметите, природата, појавите).<br>Разликуваме криви, прави, контурна и текстурна линија. (Контурна – која го претставува надворешниот лик (обликот) на предметот, или она што го цртаме само со една линија и текстурна - која ја претставува површината на предметите што ги цртаме, дали се рапави или мазни. Текстурата се добива со исцртување на поретки и погусти лин ии на површината)<br>Учениците цртаат на мотив „Предмети од училница" на различни подлоги (хартија, картон, фолија, пластика, платно, кожа) со молив, четка, користејќи контурни линии. (20 мин.)<br>**Завршна активност:**<br>Од готовите цртежи се прави изложба. Учениците ги споредуваат цртежите и прават разлика меѓу нив според подлогата, средствата и материјалите кои се употребени. (8 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Што правевме денес? Што научивме? Кои подлоги за цртање ги користевме денес и дали и други подлоги освен хартија можат да се користат за цртање? Кои цртачки материјали ги користевме?<br>Со што се можеме да цртаме? Како наученото можеме да го користиме во секојдневниот живот? (Прашањата наставникот може да ги менува и да ги прилагоди како би добил реална слика за совладаноста на поставените стандарди) (5 минути) | туш, перце, дрвце, четка, хартија, картон, фолија, пластика, платно, кожа<br>компјутер<br>проектор | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;<br>- практичната активност за време на часот (учеството во активностите);<br>- изработените ликовни творби (цртање);<br>- учеството во изработката на сопствени и заеднички творби. |



Контурна линија



Текстурна линија

Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk

Дневни сценарија по ликовно образование 3 одделение Септември

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и дата на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| Подлоги, средства, техники и материјали за цртање: (туш, перце, дрвце, четка, монохромно, сенчење) | Се запознава со нови цртачки материјали и средства: туш, перце, дрвце, тенка четка. | 1 | **Воведни активности:**<br>Пред учениците се поставени различни подлоги, средства и материјали за цртање: туш, перце, дрвце, четка, хартија, картон, фолија, пластика, платно, кожа... Слободно ги набљудуваат, истражуваат и дискутираат за материјалите. Поттикнати со прашања даваат свои предлози за тоа што можеме да направиме со овие материјали, зошто ги користиме? Учениците се запознаваат со целта. (7 минути)<br>**Главна активност:**<br>Учениците цртаат на мотив „Моето другарче“ на лист со туш, перце, дрвце, јаглен, тенка четка, користејќи различни видови линии (20 мин.)<br><br>**Завршна активност:**<br>Учениците разгледуваат илустрации и раскажуваат ситуации поврзани со позитивни и негативни примери на однесување со другарчињата. Заземаат став кој пример покажува позитивно, а кој негативно однесување. (8 мин.)<br><br>**Рефлексија:**<br>Што работевме на овој час? Што научивме? Кои подлоги за цртање ги користевме денес? Кои цртачки материјали ги користевме?<br>(Прашањата наставникот може да ги менува и да ги прилагоди како би добил реална слика за совладаноста на поставените стандарди) (5 мин.) | туш, перце, дрвце, четка, хартија, картон, фолија, пластика, платно, кожа, јаглен, работен лист | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;<br>- практичната активност за време на часот (учеството во активностите);<br>- изработените ликовни творби (цртање); учеството во изработката на сопствени и заеднички творби. |



Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk

Дневни сценарија по ликовно образование 3 одделение Септември

<table>
<tr><th>содржини<br>(и поими)</th><th>стандарди за оценување</th><th>часови<br>и дата на реализација</th><th>сценарио за часот</th><th>средства</th><th>следење на напредокот</th></tr>
<tr>
<td>Ликовни елементи во цртањето: (контурна линија, простор-длабочина, блиску/далеку, внатрешен/надворешен, ликовна целина, детаљ, текстура, ритам)</td>
<td>Црта различни видови текстури со туш</td>
<td>1</td>
<td>

**Воведни активности:**
Активирање на предндаењата на учениците: Што е линија? (бура на идеи). Исказите од учениците се запишуват. Учениците набљудуваат слики на различни видови линии.










Се запознаваат со целта. (8 мин.)
**Главна активност:**
Учениците цртаат на мотив „Дожд“ туш, перце, дрвце и тенка четка, користејќи линија и текстура. (20 мин.)

</td>
<td>Комјутер<br>Проектор<br><br>слики<br>хартија<br>туш, перце, дрвце и тенка четка</td>
<td>- усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;<br>- практичната активност за време на часот (учеството во активностите);<br>- изработените ликовни творби (цртање);<br>- учеството во изработката на сопствени и заеднички творби..</td>
</tr>
</table>

Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Завршна активност:**<br>Додека ги изложуваат готовите ликовни творби учениците ја слушаат и пејат песната: „Дожду, дожду оди си“<br>https://www.youtube.com/watch?v=iQnx6kguyac&t=11s (7 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Што работевме на овој час? Што научивме? Како можеме наученото да го примениме во секојдневниот живот? ((Прашањата наставникот може да ги менува и да ги прилагоди како би добил реална слика за совладаноста на поставените стандарди). (5 мин.) | | |



resursi.literatura.mk

Дневни сценарија по ликовно образование 3 одделение Септември

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и дата на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| Подлоги, средства, техники и материјали за сликање: (темперни бои, водени бои, туш во боја, четки, пастел, палета, хартија во боја, природни и вештачки материјали, колаж/микс медија...) | Применува разновидни техники и постапки во сликањето (капење, гребење, прскање, колаж/микс медија и сл.).<br>Комбинира материјали, средства, техники и постапки и создава слика | 1 | **Воведни активности:**<br>Учениците следат видео за користење на разновидни техники и постапки во сликањето и создавање на ликовно дело https://www.youtube.com/watch?v=kgbnDxgLVk8.<br>Се запознаваат со целта. (5 мин.)<br><br>**Главна активност:**<br>Учениците сликаат на мотив со природни облици, со хартија во боја, техника колаж/микс медија, користејќи боја и форма. Сликата се создава со примена на разни техники и постапки во сликањето (капење, гребење, прскање, колаж/микс медија и сл.). (20 мин.)<br><br>**Завршна активност:**<br>Учениците ги презентираат своите слики, објаснуваат кои материјали, средства, техники и постапки ги применија во создавањето на сликата. (8 мин.)<br><br>**Рефлексија:**<br>Што работевме на овој час? Што научивме? Како можеме различните видови материјали да ги искористиме во создавањето слика? Кои техники и постапки ги користевме во создавањето на сликата? (Прашањата наставникот може да ги менува и да ги прилагоди како би добил реална слика за совладаноста на поставените стандарди) (5 мин.) | Комјутер<br>проектор<br>темперни бои, водени бои, туш во боја, четки, пастел, палета, хартија во боја, природни и вештачки материјали<br>лапак | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;<br>- практичната активност за време на часот (учеството во активностите);<br>- изработените ликовни творби (цртање); учеството во изработката на сопствени и заеднички творби. |




Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk